Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Општина Арачиново, на ден 14.10.2024 година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Арачиново, www.haracina.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Урбанистичкиот план за село Мојанци како основна цел ги предвидува насоките за идниот просторен развој со создавање на услови за планирани организирани простори и одредување на наменски зони со компатибилни класи на намени на основната класа на намена, дефинирани оптимални решенија и водови на системот за организирање на основните функции, и тоа имајќи ги во предвид природните погодности и ограничувања како и создадениот материјален фонд, преку анализа на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини со конкретни решенија. Урбанистичкиот план за село Мојанци претставува планскиот опфат кој зафаќа површина од П=296.00 ха.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 09-90
Датум: 14.10.2024
Место: Општина Арачиново

Име и презиме
Градоначалник
Ридван Ибраими